**ОПШТИНА ШТИП**

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-/24-282*
*5.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

**по изготвен**

Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река “Брегалница” и осовина на новопроектирана градска магистрала “1”/

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

– од север опфатот е дефиниран по осовина на Новопроектирана собирна улица “6”;

– од исток опфатот е дефиниран по осовина новопроектирана собирна улица “Димитар Влахов”;

– од југ опфатот е дефиниран по осовина на река Брегалница;

– од запад опфатот е дефиниран по осовина на Новопроектирана градска магистрала “1”

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 304347,66m2.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река “Брегалница” и осовина на новопроектирана градска магистрала “1”/ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

ШТИП

## ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 12 мај 2025 год (понеделник) и истиот ќе трае до 26 мај 2025 год (понеделник).

Јавната анкета и јавната презентација за Детален Урбанистички План за Урбана Четврт СЗ 10.01, со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип /плански опфат: осовина на Новопроектирана улица "6", осовина на новопроектирана собирна улица "Димитар Влахов", осовина на река "Брегалница" и осовина на новопроектирана градска магистрала "1"/ ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 27 мај 2025 (вторник) до 25 јуни 2025 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12 јуни (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во спомenатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*